Оливер БАКРЕСКИ

**УДК: 355.45:351.86(569.4)**
**355.02:351.74(569.4)**
**94:355:02(569.4)**
Прегледен труд

# СИСТЕМ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА ИЗРАЕЛ

***Кратка содржина***

*Променетата природа на безбедносните ризици и закани ја услови потребата за редефинирање на безбедносната политика на Израел, но наметна и усвојување нови пристапи за безбедноста. Прифаќајќи ја ваквата реалност Израел мора да се приспособи на новите околности заради заштита на националните интереси и заради остварување на оптимално ниво на безбедност. Адаптирањето на безбедносниот систем во новата безбедносна средина треба да биде израз и резултат на генералната сеопфатна инклузија на сите субјекти што се задолжени за остварување на безбедноста. Во изнаоѓањето оптимален модел за остварување на безбедноста, неопходно е да се започне со согледување на поставеноста и на ефикасноста на безбедносниот систем, притоа прифаќајќи ги реформите во безбедносниот сектор како прифатен концепт што вклучува широка платформа за реализација и конкретизација на одредени задачи за подобрување на внатрешната структура на безбедносниот систем на Израел.*

**Клучни зборови:** *безбедност, безбедносен систем, безбедносен сектор, безбедносна политика, Израел*

## 1. Воведни напомени

Израел се простира на површина од 21.920 км² (од кои 445 км² им припаѓаат на територијалните води) (Lansford, 2019), и е приморска држава која е лоцирана во источниот дел на Медитеранот, во регионот на Блискиот Исток, излегувајќи и на Средоземното Море, на Црвеното Море и на Мртвото Море. На југозапад се граничи со Египет, на исток со Јордан и со Сирија и на север со Либан. Бидејќи геодетските методи може да се разликуваат, должината на државната граница пријавена од соседните земји може да се разликува и заради тоа не е квантифицирана во бројки (The World Factbook. Central Intelligence Agency, 2020).

Израел како мала, современа земја која се наоѓа во центарот на три континенти: Европа, Азија и Африка и понатаму ја задржува важноста на светската сцена заради историското значење. Земјата е света за три главни религии: јудаизмот, христијанството и исламот. Низ Израел тече една од најпознатите реки во светот реката Јордан, која се влева во Мртвото Море.

Тлото на водата во морето е најниска точка на Земјата и со најголема содржина на сол (Bruce, 2018).

Според податоците на Светската банка од 2020 година, Израел има популација од 8.883.800 жители (World Bank Group, 2020). Населението го сочинуваат 74,2 % Евреи (повеќе од 6,7 милиони), 20,9 % Арапи и 4,8 % друго население (Central Bureau of Statistics-Israel, 2019). Значи, најзастапена е еврејската етничка заедница (родени во Израел се 76,9 %, од вкупниот број Евреи, а останатите 23,1 % се Евреи доселени од останатите делови на светот). По вероисповед, како Евреи се произнесле 74,7 %, како муслимани 17,7 %, како христијани 2 %, и како Друзе (Druze), 1,6 % и останати 4 %. Во Израел официјален јазик е хебрејскиот, а се говорат и арапскиот, и англискиот и рускиот.

## 2. Историски развој

Родното место на еврејскиот народ е земјата Израел. Тоа е земјата со значаен дел од долгата историја на нацијата, од кои првите илјада години се запишани во Библијата; „таму, беше формиран неговиот културен, верски и национален идентитет; и таму, неговото физичко присуство се одржува низ вековите, дури и кога мнозинството беше присилено во егзил". За време на многугодишната дисперзија, еврејскиот народ никогаш не се одвоил, ниту ја заборавил својата врска со земјата. Со основањето на државата Израел во 1948 година, еврејската независност, изгубена 2.000 години порано, беше обновена (Ministry of Foreign Affairs, Government of Israel, 2020).

Израел во годините што следуваа се соочи и со дополнителни предизвици, како што се недостаток на природни ресурси, тежок терен и забележителен недостаток на вода, и постојани закани од напад и тероризам (Bruce, 2018). Кампањата Синај или операцијата Кадеш се водела за да се стави крај на терористичките упади во Израел и да се отстрани египетската блокада на Елат, и ја означи конечната трансформација на Израелската армија во професионална армија способна за големи операции. План за борба беше усвоен на почетокот на октомври 1956 година, но беше ревидиран по тајниот договор на Израел со Велика Британија и со Франција. Според овој договор, Израел ќе го пренесе фокусот на дејствување што е можно поблиску до Суецкиот Канал. Целиот Синајски Полуостров падна во израелски раце. Израел бил принуден да се повлече од Синај без никаква гаранција за безбедноста, а Итните сили на Обединетите нации за брзо распоредување беа формирани како гаранција да не дојде до повторување на вакви настани, сепак, тензиите продолжија и покрај тоа што Палестинската ослободителна организација (ПЛО) беше реорганизирана, но нејзината главна воена рака, Фатах – составена од паравоени и терористички организации - започна со операциите на 1 јануари 1965 година, на целата либанска граница. Не постоеше егзистенцијална закана за Израел,

тоа беше постојана непријатност оттаму и искушение да се одвлече вниманието и енергијата од главната задача, подготовки за уште еден круг (Ministry of Foreign Affairs. History. Government of Israel, 2020). Територијата под де факто израелска контрола се зголеми како резултат на воената окупација на Израел врз арапските територии на Синајскиот Полуостров, а Појасот Газа, Западниот Брег на реката Јордан (вклучувајќи го и стариот град Ерусалим), како и Голанските Височини претрпеа трансформација по арапско-израелската војна (Lansford, 2019) од 1967 година (Појасот Газа сега е под палестинска контрола, како и дел од Западниот Брег). Значи, Израел од 1967 година беше нападнат од Египет, Јордан, Сирија и ПЛО за поврат на Синајскиот Полуостров кој по шестдневната војна е под контрола на Израел. Во краткиот период од шест дена, Израелската војска го помина целиот полуостров Синај, сè до Суецкиот Канал; го зеде целиот Западен Брег на реката Јордан; и во последните денови, без изненадување, „зароби“ голем дел од Голанските Височини, вклучувајќи ја и доминантната планина Хермон - оттогаш па натаму „очите и ушите на Израел“. Кулминативниот настан беше враќањето на стариот град Ерусалим и повторното средба со местото што го почитуваа Евреите, Западниот Брег (Israel State Archives, 2020).

Во 1973 година, Израел е нападнат од Египет (повторно за поврат на Синајскиот Полуостров) и од Сирија (за поврат на Голанската Височина). Војната, која започна на најсвет ден во еврејскиот календар, на денот на помирувањето (6 октомври 1973 година), била најжестоката арапско-израелската војна по онаа од 1948 година. Во почетокот, Египќаните и Сиријците оствариле некои значајни првични придобивки: првите го преминале Суецкиот Канал, а вторите ги прегазиле Голанските Височини и се појавиле пред Галилејското Море. Сепак, тркалото се свртело многу брзо. Контранападот брзо уследил и Израелската ослободителна армија молскавично одговорила и веднаш се приближила на само 100 км од египетската престолнина Каиро, а извршила артилериско гранатирање на аеродромите околу сирискиот главен град Дамаск. Советот за безбедност на ООН донел Резолуција наречена „земја за мир“, со која Израел бил принуден да ги отстапи дел од повратените територии за да си го „купи“ мирот. Оттогаш па наваму, Израел постепено се повлече од Синајскиот Полуостров и овозможи поширока палестинска самоуправа во Појасот Газа и Западниот Брег, а исто така склучил и мировен договор со Египет (1979 година) и со Јордан (1994 година). Израел и во 1982 година одговорил на заканите кои доаѓаат од јужен Либан. Израел го напаѓа Јужен Либан за уништување на единиците на ПЛО, која од оваа територија дејствувала против цели во Израел години наназад дури од 1971 година. Прекин на огнот со Палестинците во Либан е прогласен во јули 1981 година, а нападите продолжиле врз израелските цели во Израел и во странство, со што заканата за северните населби станала неподнослива. На 6 јуни 1982 година, Израелските одбранбени сили започнале операција мир за Галилеја. Војната во Либан

може да се подели во две фази. Првата била конвенционална војна, која траела од 6 јуни до 23 август 1982 година, кога екстремистичките групи биле протерани од Бејрут. Втората фаза, која траела наредните три години, била насочена против екстремистички и терористички групи (Ministry of Foreign Affairs. Government of Israel, 2019). Во 1986 година, Израел навлегува на територијата на Либан и поморски го блокира Либан за уништување на единиците на Хезболах. Во меѓувреме на 15 ноември 1988 година во Алжир е објавена Декларацијата за независност на Палестина, што на некој начин значи прифаќање на Резолуцијата на ООН од 1967 година, која подразбира поделба на териториите и прекин на нападите. Набрзо потоа, палестинската држава е признаена од голем број земји (Ministry of Foreign Affairs About Israel History, 2020). Во осумдесеттите години на минатиот век, власта над окупираните палестински територии беше поделена помеѓу четири тела: војската, цивилната администрација, Израелската безбедносна агенција и полициските сили. Израелските полициски сили формираа специјална гранка во 1994 година за администрирање на Западниот Брег. Палестинската власт (Palestinian Authority) основана во 1994 година во време на претседателот Јасер Арафат стана петто тело. Постоењето на пет тела кои имаат надлежност над окупираните палестински територии создадоа голем степен на збунетост (Hever, 2018). Од движењата на Палестинците, Израел е во континуирана конфронтација со Палестинската ослободителна организација ПОО (Britannica, Intifada, Palestinian-Israeli History, 2020), која подоцна станува легитимен претставник на Палестинците во регионот, како и организациите/движењата Хезболах (Hezbollah) и Хамас (Hamas). Паралелно, Израел се соочува со континуирани ракетни напади од појасот Газа, Западниот Брег и Либан (првенствено организирани од овие организации), со посебен интензитет за време на Интифадите (периоди на интензивни операции на Палестинците против Израел или како Палестинците ги нарекуваат - востанија против властите на Изреал во Појасот Газа и Западниот Брег) од 1987 до 1993 година и од 2000 до 2005 година, како и војните во појасот Газа од декември 2008 година до јануари 2009 година, како и во 2014 година. Тензиите се присутни и постојани.

## 3. Институции за креирање на безбедносната политика

Во отсуство на Устав, структурата на израелската власт е дефинирана со основните закони (во отсуство на класичен устав, составот и организацијата на власта и редица на прашања кои се предмет на уставната материја се решени со група од 13 основни закони. Основните закони на кои се заснова законодавството на Израел се законите за: парламент, израелска земја, претседател на државата, влада, државна економија, армија, Ерусалим, главен град на Израел, судство, државен контролор, слобода од окупација, човеково достоинство и слобода, референдум и Израел -национална држава на еврејскиот народ), кои предвидуваат претседател со пре-

тежно церемонијални функции, премиер како ефикасен главен извршен орган и законодавен дом (*Кнесет*) (Lansford, 2019). Израелските државни институции од самото нивно основање биле цврсти и биле организирани во корпоративен систем. Воената елита во почетокот била високо политизирана. Бројни членови на Кнесетот (израелскиот Парламент), министрите, градоначалниците, премиерите и претседателите се избрани или именувани по претходна долга воена служба. Истовремено, самите безбедносни институции (предводени од професионални службеници, наместо од политички избрани или именувани функционери) имаа значително влијание врз обликувањето на владината политика (Hever, 2018).

*Претседателот на државата* има претежно формални и церемонијални обврски, кои се дефинирани со закон и се избира со просто мнозинство на Кнесетот од редот на номинираните кандидати за период од седум години и со право на еден мандат. Претседателот има улоги и овластувања што другите владини институции не можат да ги преземат врз себе, како за време на мир, така и за време на криза и спорови. Моќта на претседателот на државата во голема мера произлегува од фактот дека се настојува при изборот за претседател личноста да биде непартиска, а тој да биде симбол на национално единство што ги претставува основните вредности на државата. Според основниот закон за претседател на државата, на шефот на државата му се дава суштински имунитет во однос на сѐ што е поврзано со неговите должности и овластувања. Овој имунитет се продолжува и по завршување на мандатот на претседателот. Овој имунитет му овозможува на претседателот да не одговара пред ниту еден суд во применувањето на своите должности или во користењето на неговите овластувања. Целта на суштинскиот имунитет е да се заштити статусот на претседателот како шеф на државата, пред другите гранки на власта. Покрај суштинскиот имунитет, претседателот за време на неговиот мандат ужива процедурален имунитет и не може да биде осуден додека неговиот мандат е на сила. Понатаму, основниот закон му дава низа должности и овластувања, вклучувајќи: потпишување закони; разгледување извештаи од владата за нејзините состаноци; давање потврда за дипломатските претставници на земјата и примање акредитиви на странски дипломатски претставници испратени од странски држави во Израел; дава овластувања за конзуларни претставници и ги прима акредитивите за назначување конзуларни претставници и претставништва испратени од странски земји во Израел; потпишува договори со странски земји одобрени од Кнесетот; назначува судии и други службеници и врши отстранување на истите од должноста по претходно пропишана процедура; помилува осудени сторители и може да ги менува казните, особено кога власта го применува овластувањето да го ограничи затворскиот рок на доживотен затвор. Исто така во негови ингеренции е назначување гувернер на Банката на Израел, претседател на Националната академија на науките, како и членови на Со-

ветот на Главниот рабинат итн. (Government Press Office. Prime Minister's Office, 2020).

Законодавната власт во Израел како држава со воспоставена парламентарна демократија со систем на гласање со пропорционално претставување му е доверена на *Кнесетот*. Претставниците на Кнесетот се избираат на општи, национални, директни и пропорционални избори, во согласност со Законот за избори во Кнесетот. Кнесетот брои 120 места и во него се застапени политичките партии врз основа на нивниот процент од вкупното гласање, со праг од 2 %. Интересно е да се потенцира дека нема гласачки единици, а народот гласа за затворени партиски списоци, наспроти индивидуалните кандидати. Нискиот праг наспроти типичните прагови кои се движат помеѓу 4 % и 6% е даден за да им даде можност на помали политички партии во Израел да бидат активен чинител во политиката. Бидејќи поголемите партии ретко освојуваат повеќе од една четвртина до една третина од местата, помалите партии секогаш се позиционираат меѓу поголемите коалициони партнери (Piehler, 2013; Zanotti, 2018). Избраните членови на Парламентот на првата седница се изјаснуваат за верност на Кнесетот, а на истата седница се избираат и претседателот и потпретседателот на Парламентот. Кнесетот обично има мандат од четири години, но може да се распушти и порано или да се распушти во ситуација ако премиерот не може да формира влада.

*Владата* е извршна власт на државата, надлежна за управување со внатрешни и надворешни работи, како и со безбедносни прашања. Нејзините овластувања за креирање политики се многу широки и таа е овластена да преземе активности за секое прашање што не е правно надлежен друг орган. Според законската регулатива донесена во март 1992 година, се направи историска промена во изборниот систем на земјата. Така, законот предвидува директен избор на премиерот од Кнесетот (Lansford, 2019). Предложените министри се одобруваат од Кнесетот. Сите министри мора да бидат израелски граѓани и жители на Израел и сите мора да бидат членови на Кнесетот. Откако ќе бидат одобрени/изгласани, министрите се одговорни пред премиерот за исполнување на нивните должности и одговараат на Кнесетот за своите постапки. На повеќето министри им се доделува портфолио и раководат со министерство, а министрите кои функционираат без ресор може да бидат повикани да преземат одговорност за специјални проекти. И премиерот може да биде во улога на министер со специфично портфолио. Министрите, со одобрение од премиерот и Владата, можат да назначат заменик-министер во нивното министерство; и сите мора да бидат членови на Кнесетот. Како и Кнесетот, и Владата има мандат од четири години, но нејзиниот мандат може да биде скратен со оставка, неспособност или смрт на премиерот или со гласање недоверба од Кнесетот. Сите влади до денес се засновани на коалиции на неколку партии, бидејќи ниту една партија досега не добила доволно места во Кнесетот за да формира влада самостојно.

**4. Политика на национална безбедност на Израел**

Националната безбедносна политика и стратегија на Израел ги одразува основните компоненти на безбедносни активности на државата и разграничува поврзани цели и меѓуцели. Во исто време, таа се осврнува на низа дискретни потенцијални закани, на цели за специфични конфликти и утврдување на упатства за приспособување на овие цели во дадена конфронтација за да ги заштити потребните вредности. Вредностите на една нација ги отсликуваат нејзините карактеристики, служејќи како еден вид фундаментална декларација за изразување на идентитетот на нацијата и визијата. Тие се важни, суштински и непроценливи за сите жители. Витални национални интереси на Израел се следните: државата е национален дом на еврејскиот народ што подразбира вклучување и проширување на еврејското мнозинство во сите делови на државата; зајакнување на квалитативните предности на Израел; развој на човечкиот капитал; воспоставување економската моќ; постигнување мир со соседите; јакнење на Израел меѓу народите во светот; промовирање на национална и безбедносна отпорност итн. (Siboni, 2019).

Израел реагираше на уникатно суровото стратегиското опкружување со кое се соочи уште од своето формирање со развивање на одбранбени способности целосно предимензионирани и непропорционални со неговата големина, но неопходни со што ја нагласи својата регионална моќ, а неговото постоење веќе не е во прашање. Сепак, Израел продолжува да се соочува со сериозни закани како: оружје за масовно уништување, тероризам, ракети и кибернапади, пред сè од Иран, Хезболах и Хамас; тековниот конфликт со Палестинците; и демографски предизвици (Freilich, 2019). Значи, Израел, како ретко која држава во светот, се соочува со комплексни закани. Природата на надворешните закани за државата Израел може да се поделат на следните категории: конвенционални закани кои доаѓаат од државните воени или недржавни организации, неконвенционални закани, кои главно се состојат од напорите за постигнување воени нуклеарни капацитети – способностии на супконвенционални закани, кои вклучуваат герилска борба и тероризам од актери во и надвор од Израел. Секако овие, внатрешни предизвици и закани насочени кон Израел се фокусираат на ерозија на државата и на вербата во праведноста на ционистичката кауза и ослабнување на внатрешната легитимност на постапувањето на Израел (Eisenkot, 2019).

Во основа, заканите и ескалација на конфликтите со Израел се постојано присутни. Во исто време, ризикот од непланирана ескалација (во Сирија, во Либан и во Појасот Газа) сè уште постои и го принудува Израел да пристапува и да се раководи на употреба на сила. Иран продолжува да биде главната закана за Израел и за тоа е потребна тесна координација со Соединетите Американски Држави, за изградба на независни способности и континуирана употреба на сила против напорите на Иран да се наметне

во Сирија. Значи, Иран сè уште претставува најголема закана за безбедноста на Израел, со своите програми за нуклеарни и за балистички ракети и со својата регионална активност. Заканата е видлива, иако Иран е во тешка економска состојба предизвикана од континуираните американски санкции, падот на цената на нафтата и неуспешните обиди за добивање помош од меѓународните институции; како и од растечкиот недостиг на доверба во режимот кај иранската јавност. И покрај неговите сериозни тешкотии, Иран продолжува со напорите да ги промовира своите регионални интереси во Ирак, во Сирија и во Либан, истовремено градејќи воена, политичка, економска и социјална инфраструктура со цел да го обезбеди своето долгорочно влијание во тие земји. Некоја од оваа инфраструктура е насочена директно против Израел. Израел по природата или по обемот на предизвиците со кои се соочува на Северниот фронт, главниот предизвик во овој театар е активноста на радикалната шиитска оска, со акцент на мултидимензионалната консолидација на Иран преку своите прокси во Сирија и воспоставување упоришта на Хезболах во Голанската Висорамнина. Оваа консолидација се одвива побавно отколку што се предвидуваше и планираше од Техеран, но сепак продолжува и покрај тешките економски ограничувања за Иран. Израел продолжи со операциите против консолидација на Иран и на Хезболах и ги одложи нивните активности, но веројатно нема да може да ги отстрани. Предизвиците на Северниот фронт, според тоа, нема да исчезнат, но најверојатно нема да прераснат во голема ескалација, затоа што сите актери во моментот се насочени кон решавање на посткоронавирусната криза и немаат интерес за војна. Сепак, е присутна загриженоста за непланирана ескалација, што може да доведе до војна на Либанскиот, на Сирискиот и на Ирачкиот фронт. Ова сценарио на мултифронтална војна („северна војна“) треба да биде главното референтно сценарио за војна. Во исто време, треба да се започне со политички и со воени напори за да се спречи војната и да се користат алтернативни средства за промовирање на целите на Израел на Северниот фронт. Хезболах го продолжува своето воено градење, со помош од Иран, вклучувајќи го и ракетниот проект со прецизно водство („прецизен проект“) како и развој на неговата способност да навлезе во Израел со копнени сили. Либан се наоѓа во оган на економска, на политичка, на владина и на медицинска криза. Оваа криза влијае и на Хезболах, кој ја одржува својата позиција во либанскиот систем, иако настаните во Иран, исто така, имаа негативно влијание врз организацијата. Во исто време, палестинската арена сè повеќе станува свесна дека координацијата со Израел е од суштинско значење. Нејзината зависност од израелската помош е јасна, а одреден степен на легитимност е проширен и на соработката со Израел. Кризата овие години, исто така, создаде можност да се постигне долгорочен договор за прекин на огнот меѓу Израел и Хамас. Главниот проблем со кој се соочува новата влада во палестинската арена е примената на израелскиот суверенитет на териториите во Западни-

от Брег, односно анексија. Друг значаен ризик ги вклучува односите на Израел со Египет и со Јордан. Одговорот на Јордан на анексијата може да има негативно влијание врз соработката за зачувување на најдолгата граница на Израел, па дури и на мировниот договор и можни се слични последици за односите со Египет (Brun и Yadlin, 2019).

Ваквата сложена безбедносна состојба и односите на Израел со соседните земји се јасен индикатор дека заканите се присутни и се извесни. Во согласност со воената доктрина од 2015 година, воениот аспект на доктрината се базира на одвраќање, рано предупредување, одбрана, односно се заснова на следните принципи: 1). потпирање во одбранбена стратегија за безбедност, која е заснована на уверување на Израел за ефикасно одвраќање, и неутрализирање на заканите, а ако е потребно и избегнување на соочување, 2). офанзивен воен концепт кој е основна претпоставка дека непријателот не може да биде поразен преку дефанзивно држење. Затоа, потребно е да се употреби сила за да се постигнат јасни воени резултати во зачувување на легитимноста на државата Израел, 3). стратегиска соработка - јакнење на односите со Соединетите Американски Држави и развој на стратегиски врски со други клучни држави во прилог на формирање и зајакнување на центри за поддршка околу светот, 4). јакнење на регионалниот статус на Израел преку вклучување во мировните договори и максимизирање на потенцијалот за соработка со умерени елементи во регион, 5). одржување на релативната предност заснована на човечки квалитет, напредни технолошки способности (оружје) и разни видови разузнавање.

Самиот факт дека Израел е единствена неарапска земја на територијата на Блискиот Исток е доволен показател за потребата од сериозно пристапување кон заканите по националната безбедност, затоа што заканите доаѓаат од сите страни однадвор, па дури и однатре. Сепак, Израел доста добро се справува со истите, од една страна преку извонредната работа на разузнавачките служби, а од друга страна, преку вложување во скапи, современи одбранбени системи како што е „Железната купола“. Израел не се потпира само на оваа мерка за безбедност, сепак, користи слоевит систем за одбрана што вклучува сирени за рано предупредување, засолништа и утврдени згради итн. Со оглед на честите терористички настани, Израел разви софистицирана итна состојба и протоколи за подготвеност, кои влијаат врз техниките за управување со итни случаи во целиот свет. Израел усвои пристап кон сите опасности што ги потенцираат основните елементи како што се планирање на вонредни состојби, голема обука, мобилизација на материјални и човечки ресурси, координирана команда и градење на капацитети. Израел сè повеќе смета дека не постои вистински партнер за мир во регионот и се чувствува принуден да се фокусира на националната безбедност и на мерките за борба против тероризмот (Bruce, 2018).

**Заклучок**

Политиката на национална безбедност на Израел треба да обезбеди сеопфатна безбедност и заштита на националните интереси на Израел. Обезбедувањето на потребното ниво на безбедност е комплексна и сложена задача. Тоа бара безбедноста да биде рационално фундирана и да ги синтетизира напорите на сите безбедносни актери за да го обезбеди потребното ниво на безбедност, за општеството, за нацијата, за граѓаните. Во процесот на гарантирање оптимален степен на безбедност, безбедносниот систем треба да ја извршува потребната функција и соодветно да одговори на променетата природа на безбедносните закани.

Значи, анализирањето на сегментот на прашања поврзан со безбедносната политика на Израел е комплексна работа, бидејќи таа се одликува со голема сложеност, специфичност и противречност. Поради тоа проучувањето на политиката на национална безбедност треба да се заснова на нејзино целосно разбирање и темелно согледување за да не се соочиме со каква било импровизација и парцијализам.

Способноста успешно да се води политиката на националната безбедност на Израел е директна последица на моќта што ја поседува нацијата и на проектираниот безбедносен систем кој треба да ја осигура потребната заштита и да ги мобилизира вкупните човечки и материјални ресурси во насока на заштита на виталните национални интереси. Оваа манифестност значи и способност да се соочи со изворите на загрозување по националната безбедност, почнувајќи од превенција до ефикасно менаџирање во сложени безбедносни ситуации.

***Литература***

About Israel History – Ministry of Foreign Affairs. Available at: https://mfa.gov.il/mfa/aboutisrael/history/pages/facts%20about%20israel-%20history.aspx

Bruce A., The SAGE Encyclopedia of Surveillance, Security, and Privacy Chapter, SAGE Publications, Inc. City: Thousand Oaks, 2018

Brun, I., Yadlin, A. Updated Strategic Assesment for Israel for 2020 and Recommendations for the New Government. Publications May 12 2020. The Institute for National Security Studies. Tel Aviv University, 2020 https://www.inss.org.il/publication/updated-strategic-survey-for-israel

Central Bureau of Statistics-Israel (2019). Israel's Independence Day 2019. Jerusalem. Available at: https://www.cbs.gov.il/he/mediarelease/DocLib/2019/134/11_19_134b.pdf.

Counter Extremism Project; Hezbollah influence's in Lebanon; New York, London; 2019, accessed at: https://www.counterextremism.com/hezbollah-in-lebanon

Deterring Terror, How Israel Confronts the Next Generation of Threats, Belfer Center for Science and International Affairs, 2016

Eisenkot G., Isenkot Gabi Siboni, Guidelines for Israel's National Security, The Washington Institute for Near East Policy, 2019

Freilich, C. Israel's National Security Policy. Harvard Kennedy School for Science and International Affairs. Belfer Center. Oxford University Press, 2020 https://www.belfercenter.org/publication/israels-national-securance-policy

Government Press Office. Prime Minister's Office. http://archive.president.gov.il/English/The_Presociation_In_Israel/Pages/PresociationNew.aspx

Hamas. Definition, History, Ideology and Facts. Encyclopedia Britannica. https://www.britannica.com/topic/Hamas.

Hever S., The Privatization of Israeli Security, Developments in Israel's Military and Security Institutions, Pluto Press, 2018

Intifada. Palestinian-Israeli History. Britannica. https://www.britannica.com/topic/Palestine-Liberation-Organization/Two-intifadahs-and-the-search-for-peace

Knesset. Legislative Branch. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/State/Pages/THE%20STATE-%20Legislature-%20The%20Knesset.aspx

Kurt G. Piehler, Encyclopedia of Military Science, Chapter Title: Israel, SAGE Publications, Ltd., 2013, стр. 720-725, and Jim Zanotti; Israel: Background and U.S. Relations; US Congressional Research Service; Washington D.C. USA; 2018

Lansford T., Political Handbook of the World 2018–2019, Chapter: Israel, CQ Press City: Thousand Oaks, 2019

Legal information. Government of Israel. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/State/Pages/THE%20STATE-%20Law%20Engment.aspx

MFA on Palestinian Attempt to Declare the Western Wall a Muslim Holy Site. 19 October 2015. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/History/Pages/The%20Yom%20Kippur%20War%20-%20October%201973.aspx

Ministry of Foreign Affairs. Government of Israel. https://mfa.gov.il/mfa/aboutisrael/history/pages/facts%20about%20israel-%20history.aspx

Ministry of Foreign Affairs. History. Government of Israel. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/History/Pages/The%20Sinai%20Campaign%20-%20 1956.aspx

President of the State of Israel. http://archive.president.gov.il/English/The_Presociation_In_Israel/Pages/BasicLaw1.aspx

Profile: Arab League; BBC News; (https://www.bbc.com/news/world-middle-east-15747941)

Six Day War Files. Publications. Israel State Archives. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/History/Pages/The%20Six-Day%20War%20-%20June%20 1967.aspx

The Middle East Peace Process – Ministry of Foreign Affairs. Government of Israel. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/History/Pages/Operation%20Peace%20for%20Galilee%20-%201982.aspx

The World Factbook. Central Intelligence Agency. https://www.cia.gov/the-world-factbook/countries/israel/#economy

Израел со ракети го нападна појасот Газа. 16.08.2020 Свет, Фокус. https://fokus.mk/izrael-so-raketi-go-napadna-pojasot-gaza/